РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3512/4
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3512/1 од 27.07.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости при избор во наставно-научно звање, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил и преземал мерки надлежен државен орган.

Предметот со број 12-3512/1 од 27.07.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 27.07.2023 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости при избор во наставно-научно звање и оформен е предмет број 12-3512/1 од 27.07.2023 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски избор во наставно-научно звање редовен професор по географија на ---------------------------------- факултет при Универзитетот ------------ на лицето ----------------, вработен како редовен професор од 2021 година. Во пријавата се наведува дека конкурсот за избор е објавен спротивно на член 172 став 4 од Законот за високото образование, а рецензионата комисија е составена спротивно на член 173 став 6 од истиот закон.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од Државниот просветен инспекторат да изврши вонреден инспекциски надзор во однос на законитоста на изборот на посоченото лице во наставно-научно звање редовен професор.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е доставено известување за извршен инспекциски надзор со прилог записник. Во записникот од извршениот надзор е даден детален преглед на документацијата дадена на увид на инспекторите, како и на текот на целокупната постапка за избор во наставно-научно звање. Во записникот е констатирано дека за спроведување на постапка за избор во звање редовен професор на проф. д-р ----------------------------, наставно-научниот совет на ------------------------------------------------ при Универзитетот --------------- согласно член 176 став 1 од Законот за високото образование донел одлука за објавување на конкурс за избор на наставник во наставно-научно звање и

согласно член 172 став 1 од законот во член 1 (еден) од одлуката е за избор на еден наставник за предметите вовед во географија, основи на регионална географија и социо-економска географија на РСМ, од страна на присутните приложено е дополнување и измени на конкурс во кои со поглавје ---- во точка 5 наведен е избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од обласста на регионална географија 10503 од класификацијата на научно - истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација. Конкурсот бил објавен на ден 30.11.2021 година во дневен весник Коха и Слободен печат. Во конкурсот согласно член 172 став 4 од законот наведен е предмет од областа и од поле географија. На огласот се пријавил еден кандидат, проф. д-р ---------------, вработен како вонреден професор на -------------- при Универзитетот ----------- - студиска програма географија. Наставно-научниот совет на факултетот на седница одржана на ден 18.03.2021 година согласно член 173 став 3 од Законот, формирал рецензиона комисија. Од страна на рецензионата комисија до наставно-научниот совет на факултетот согласно член 173 став 8 од законот, на ден 10.12.2021 година поднесен е реферат во писмена форма. Како предлог - заклучок за избор бил предложен кандидатот да биде избран во наставно-научно звање редовен професор. Согласно наведеното во записникот, рецензионата комисија предложила кандидат кој ги исполнува општите услови пропишани во член 166 став 3 од законот. Рефератот на рецензионата комисија согласно член 173 став 9 од законот, на ден 15.12.2021 година од страна на Универзитетот е објавен во Билтен бр.199. Од страна на наставно-научниот совет на факултетот на седница одржана на ден 30.12.2021 година согласно надлежностите во член 173 став 1 од законот, донесена е одлука за избор на посочениот професор, а изборот е извршен на неопределено време и согласно член 173 став 2 од законот е потврден од страна на Сенатот на Универзитетот. Од увидот во персоналното досие, при надзорот е констатирано дека избраното лице согласно член 166 став 3 од законот ги исполнува општите услови за избор во наставно-научно звање редовен професор. По непосредно извршениот вонреден инспекциски надзор констатирано е дека наводите се неосновани, а од страна на Државниот просветен инспектор предметот е запрен.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапил и преземал мерки надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**